ОПШТИНА
ВАСИЛЕВО

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ВАСИЛЕВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Во изминатиот мандат работевме заедно, чесно и посветено, со една цел – Василево да биде подобро место за живеење за сите граѓани. Со вашата доверба успеавме да реализираме бројни инфраструктурни проекти, да ја зајакнеме транспарентноста и да ја вратиме општината на патот на вистинскиот развој. Општина Василево денес е поуредена, поорганизирана и поразвиена отколку што беше. Тоа е заеднички успех – мој и ваш, затоа што секој проект, секоја промена, секој чекор напред беше плод на заедничка доверба и поддршка.

Денес, со гордост можам да кажам дека Општина Василево е пример за одговорно управување со јавните средства и дека заеднички обезбедивме историски инвестиции во локалната инфраструктура.

Во следниот мандат мојата визија е уште поамбициозна: да продолжиме уште посилно, да ја надградиме цврстата основа што ја изградивме и да ја претвориме Василево во уште поубаво место за живеење, со нови можности за младите, современи услови за сите генерации и гордост за секој жител.

Сакам да нагласам: ова не се само ветувања на хартија, туку проекти со конкретна документација, план и финансиска рамка, затоа што така работиме – со дела, а не со празни зборови.

Затоа, мојата визија останува јасна: модерна, транспарентна и развиена општина Василево, општина по мерка на граѓаните.

Почитувани,

Ви благодарам за довербата и поддршката. Ве повикувам заедно да продолжиме по истиот пат, со уште повеќе енергија и уште повеќе посветеност.

Изградивме цврста основа, продолжуваме посилно!

Со почит,
Славе Андонов

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Миле Митевски - носител на листа
2. Александра Николова
3. Томе Ѓоргиев
4. Војо Џингарски
5. Силвана Атанасова
6. Таип Демиров
7. Маријана Делијанова
8. Мумин Дестанов
9. Суза Коцева
10. Роберчо Манасиев
11. Дарко Спасовски
12. Љупка Николова Коцев
13. Ристо Михаилов
14. Павлинка Цветкова
15. Иван Коцев



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

- **1. Изградба на фекални канализациски системи во населените места Градошорци, Владиевци и Радичево.**
- **2. Целосна реконструкција и проширување на филтер-станицата во Доброшинци и проширување на капацитетот на филтер-станицата Ташли Баир.**
- **3. Изградба на спортска сала во населеното место Сушево.**



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- Реконструкција на патниот правец од влезот до центарот на населеното место Василево.
- Асфалтирање на патот Градошорци – Едрениково.
- Асфалтирање на главната улица во населеното место Чанаклија.
- Асфалтирање на улицата до манастирот „Св. Катерина“ во Дукатино.
- Асфалтирање на патот од паркот „Методи Митев“ до стариот пат за Пиперево.
- Асфалтирање на дел од патот кон гробиштата во Едрениково.
- Асфалтирање на улица зад „Трокадеро“ во Пиперево.
- Тампонирање на полски патишта во сите населени места.
- Реконструкција на дел од патниот правец од крстосницата кај Доброшинци до браната Турија.
- Изградба на пешачка патека под или над мостот на главниот пат во с. Владиевци за безбедност при поминување на пешаците.
- Асфалтирање на улица покрај мостот во Старо Владиевци.
- Асфалтирање на три улици во Старо Владиевци.
- Асфалтирање на улица до црквата во населеното место Владиевци.
- Асфалтирање на улица од патот за Висока Маала до училиштето во Доброшинци.
- Асфалтирање на улица покрај старата џамија во Доброшинци.
- Асфалтирање на улица покрај отворениот канал во Дукатино.
- Асфалтирање на улица до манастирот „Св. Георги“ во Радичево.
- Асфалтирање на улица покрај училиштето во Радичево.
- Асфалтирање на улица во Партизанска Маала во Чанаклија.
- Асфалтирање на стариот пат Чанаклија – Гечерлија.
- Асфалтирање на патот до Хамзали.
- Асфалтирање на улица до црквата „Св. Наум“ во Чанаклија.
- Реконструкција на улица од центарот до црквата во Нова Маала.
- Асфалтирање на улица кон турските гробишта во Нова Маала.
- Асфалтирање на улица кон стариот пат накај Струмица во Ангелци.
- Асфалтирање на улица покрај манастирот „Св. Јован“ во Ангелци.
- Изградба на мост на почетокот на населеното место Сушево.
- Изградба на две автобуски постојки во Сушево.
- Асфалтирање на улица кај Исмаилова Маала во Висока Маала.
- Асфалтирање на улица кај Бекирова Маала во Висока Маала.
- Уредување на порој во населеното место Чанаклија.
- Асфалтирање на три улици во Градошорци.
- Реконструкција на главниот пат во Турско Маало во с. Градошорци.

Изградба на улица покрај отворен канал во Турско Маало во с. Градошорци. По затворањето на отворениот канал во Турското Маало во Градошорци, ќе ја асфалтираме и улицата покрај каналот, со што овој дел од Градошорци ќе биде целосно уреден.



# ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

- Изработка на урбанистички планови за селата Пиперево и Василево.
- Развој на урбанистички планови за индустриски капацитети и урбанистички планови во и надвор од населените места во општината.
- Изработка на техничка документација за изградба на фекална канализација во Доброшинци.
- Изработка на урбанистички проекти за домување.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- **Изградба на мал пазар во населеното место Владиевци.**
- **Изградба на нова индустриска зона во Василево. Оваа нова индустриска зона ќе донесе нови работни места и нови проекти за граѓаните.**
- **Промоција на Општина Василево за привлекување домашни и стрaнски инвестиции преку активно учество на форуми и саеми.**



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

- Изградба на модерен парк и детски катчиња во училишниот двор на ООУ „Гоце Делчев“ – Василево.
- Уредување на училишниот двор во ПУ „Гоце Делчев“ – Ангелци.
- Уредување на училишниот двор во училиштето во Доброшинци.
- Уредување на училишниот двор во училиштето во Нова Маала.
- Уредување на училишниот двор во училиштето во Сушево.
- Реконструкција на ООУ „Гоце Делчев“ – Василево. Целосно ќе се реконструира училиштето, со што ќе се подобрат условите за следење на наставата.
- Реконструкција на ПУ „Гоце Делчев“ – Владиевци.
- Реконструкција на ПУ „Гоце Делчев“ – Сушево.
- ООУ „Атанас Нивичански“ – доградба на училници и санитарни јазли.
- Обезбедување училишен прибор за првачињата од основните училишта на најзагрозените семејства и новогодишни пакетчиња по повод новогодишните празници.



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- **Дигитална инфраструктура (проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен Wi-Fi, проширување на оптичката мрежа).**
- **Е-СЕДНИЦИ НА СОВЕТ**

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана.

- **Дигитални услуги и дигитална општина**

(систем за отворени податоци, „твој документ – наша работа“ и „и ти си дел од процесот“). Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација итн.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- Изградба на повеќенаменско игралиште во населеното место Едрениково. Со изградбата на ова повеќенаменско игралиште во Едрениково, ќе ја постигнеме нашата цел – да нема населено место кое нема повеќенаменско игралиште.
- Реконструкција на големото фудбалско игралиште во Василево. Со овој проект ќе направиме модерно игралиште на кое ќе може да се одигруваат и првенствени натпревари.
- Реконструкција на повеќенаменско игралиште во Пиперево.
- Поттик и субвенции за индивидуални и талентирани спортисти.
- Реконструкција на големото фудбалско игралиште во Пиперево.
- Реконструкција на соблекувална во Пиперево.
- Поддршка на турнирот во кошарка Street Basket – Владиевци.
- Организирање турнири во мал фудбал.
- Изградба на парк на почетокот на населеното место Сушево.
- Поддршка и промоција на ФК Христов од Василево.

# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- Чистење и дислокација на дивата депонија лоцирана пред населеното место Едрениково. Ќе се реши долгогодишниот проблем со загадувањето на животната средина на граѓаните од населените места Градошорци и Едрениково.
- Ново улично осветлување со лед-светилки во Радичево и Дукатино. Ќе се инсталираат еколошки и штедливи светилки, што ќе овозможи заштеди во буџетот за општината, а за граѓаните квалитетно јавно осветлување.
- Чистење на каналот од водоводот до реката во населеното место Пиперево. Со чистењето на овој канал ќе се превенира поплавување при поголеми врнежи од дожд.
- Доизградба на фекална канализација во населеното место Василево. Со овој проект ќе се заврши последниот дел од фекалната канализација во Василево, со што целосно ќе се реши проблемот со прелевањето на септичките јами и со загадувањето на животната средина.
- Изградба на отворен канал во населеното место Дукатино. Каналот ќе овозможи прифаќање и одвод на атмосферски води.
- Изградба на отворен канал во населеното место Владиевци кон Сушево. Каналот ќе овозможи прифаќање и одвод на атмосферски води.
- Чистење на отворен канал во центарот на с. Владиевци. Превенција од поплави при поголеми врнежи од дожд.
- Целосно завршување на фекалниот канализациски систем во Ангелци со изградба на крак кај училиштето и крак накај населеното место Седларци. Со овој проект ќе се заврши последниот дел од фекалната канализација во Ангелци, со што целосно ќе се реши проблемот со прелевањето на септичките јами и со загадувањето на животната средина.
- Чистење на речното корито на каналот во Сушево. Превенција од поплави при поголеми врнежи од дожд.
- Изградба на фекален канализациски систем во с. Седларци. За прв пат ќе започне изградба на фекален канализациски систем во Седларци, со што целосно ќе се реши проблемот со прелевањето на септичките јами и со загадувањето на животната средина.
- Реконструкција на водоводен систем во с. Седларци. Со оваа реконструкција ЈПКД „Турија“ – Василево целосно ќе го преземе управувањето со овој водоводен систем.

- Реконструкција на водоводен систем во с. Висока Маала. Со овој градежен зафат Висока Маала нема да има проблеми со водата во летниот период.
- Поставување фотоволтаични системи на спортската сала во Василево. Ќе се произведува електрична енергија од сончева светлина, а воедно ќе се генерираат заштеди.
- Поставување фотоволтаични системи на училишната зграда во ООУ „Гоце Делчев“ – Василево. Училишните објекти ќе произведуваат електрична енергија од сончева светлина, а воедно ќе се генерираат заштеди.
- Поставување фотоволтаични системи на училишната зграда во ООУ „Атанас Нивичански“ – с. Нова Маала. Училишните објекти ќе произведуваат електрична енергија од сончева светлина, а воедно ќе се генерираат заштеди.
- Поставување фотоволтаични системи на Домот на култура во Василево.
- Поставување фотоволтаични системи на училишната зграда во с. Ангелци.
- Дислокација на депонијата во с. Пиперево. Ќе се реши долгогодишниот проблем со загадувањето на животната средина на граѓаните од населените места во Градошорци.
- Изградба на фекален канализациски систем во с. Радичево. Со овој проект ќе се заврши последниот дел од фекалната канализација во Радичево, со што целосно ќе се реши проблемот со прелевањето на септичките јами и со загадувањето на животната средина.
- Набавка на ново комунално возило за потребите на ЈП „Турија“. Навремено подигање на отпадот, а воедно и заштита на животната средина.
- Набавка на метларка за потребите на ЈП „Турија“. За прв пат општина Василево ќе набави такво возило со цел одржување на јавните површини.



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- Изградба на спомен-соба на мис Стон и туристички информативен центар во Домот на културата во Градошорци. Туристите ќе добиваат соодветни информации за културата во Општина Василево и за историскиот настан поврзан со мис Стон.
- Развој и промоција на рурален туризам преку користење европски фондови.
- Поставување табли, патокази и обележување на туристички патеки.
- Реконструкција на Домот на културата во населеното место Седларци. Старата зграда на културниот дом во Седларци ќе се реновира, со што ќе се овозможи овој објект повторно да си ја врати првобитната намена.

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- Изградба на плоштад кај Домот на културата во населеното место Василево. Василево е општински центар и неопходно е да добие свој плоштад каде што ќе се одржуваат најразлични културни настани.
- Реконструкција на Домот на културата во населеното место Градошорци. Старата зграда на културниот дом во Градошорци ќе се реновира, со што ќе се овозможи овој објект повторно да си ја врати првобитната намена. Притоа Градошорци ќе добие еден од најсовремените културни домови во југоисточна Македонија.
- Културно лето Василево (финансирање и афирмација на манифестацијата). Ќе ја востановиме оваа манифестација за прв пат, со настап на пејачи, играорци итн.
- Поддршка и промоција на манифестацијата „Народна игранка“ во Нова Маала.
- Поддршка за санација и доградба на цркви.
- Организирање на манифестацијата „Празијада“ во с. Градошорци. Манифестација по која Општина Василево е препознаена во државата, но и надвор од неа.
- Поддршка и промоција на манифестацијата „Ѓурѓовденски средби“ во с. Едрениково.
- Редовно помагање на Културно-уметничкото друштво „Бежанци“ од Нова Маала.
- Изградба на амфитеатар во населеното место Василево. Со овој проект ќе се даде нов дух на културниот и социјалниот живот во Општина Василево.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Субвенционирање на различни категории граѓани (првачиња, новороденчиња и ученици на генерација).**
- **Пензионерски дом во населеното место Василево. Долгогодишното барање на пензионерите од Општина Василево ќе биде реалност.**
- **Еднократна парична помош за семејства на територијата на Општина Василево погодени од елементарни непогоди.**
- **Еднократна парична помош за социјално загрозени семејства од Општина Василево.**
- **Субвенции за велосипеди.**

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- **Изградба на парк во близина на црквата во Пиперево.**
- **Изградба на мултифункционален центар во населеното место Доброшинци (ќе се користи за забава на младите, за состаноци на месното население и за други потреби на граѓаните на Доброшинци).**
- **Изградба на детски забавен парк со детски реквизити во паркот во Пиперево.**

ВМРО-ДПМНЕ